**ЗАПИСНИК**
**од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 05.03.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Методија Јанчески (отсутен)

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека г-дин Јанчески нема да присуствува на седницата бидејќи тековно е во странство. Во однос на предложениот дневен ред објасни дека Точката 3 која гласеше Предлог-одлуки за одземање на дозвола на радиодифузери ја менува во Предлог-одлука за одземање на дозвола на радиодифузер, бидејќи остана од четирите предложени само еден, тоа е МХ Радио. Исто така информира дека ќе внесе нова Точка 4, која сега ја нема во дневниот ред кој што е во материјалите. Таа е последица на оние точки што се одложија од 4-та јавната седница, тоа се предлози за запирање на покренати постапки за одземање дозвола на радиодифузери. Се работи за ТВ Амазон од Скопје, ТВ Шутел од Скопје и Радио Капитол ФМ од Скопје. Таа е нова точка 4. Претходната точка 4 сега станува Точка 5 односно понатаму сите редоследно ќе се поместат за еден број подолу.

Советот на Агенцијата, со предлозите за корекција, едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.03.2020 година.
2. Предлог-записник од 3-та јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.02.2020 година.
3. Предлог-одлука за одземање на дозвола на радиодифузер.
4. Предлог-решенија за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола на радиодифузери.

5. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово.
6. Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – стока: Електрична енергија.
8. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски објасни дека поради технички причини односно краткото време за подготовка, Предлог-записникот од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 03.03.2020 година не можеше да се изработи и точката ја одложи за една од наредните седници.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Предлог-записникот од 3-та јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 28.02.2020 година со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за одземање на дозвола на радиодифузер, објасни дека во првобитната форма требаше да има четири потточки, а сега има само една тоа е Предлог-одлука за одземање на дозвола на МХ Радио од Охрид.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека радиодифузерот за кого има предлогот да се одземе дозволата не изврши уплата на годишниот надомест за дозвола по доставена фактура во рок од 30 дена и исто така Советот започна постапка за иницирање на 20.02.2020 година. И во овој дополнителен рок од 15 дена радиодифузерот не изврши уплата на надоместокот. Информира дека во меѓувреме, добиле информација, што беше објавено и во Службен весник, дека против него ќе биде отворена стечајна постапка. Но, тоа се уште е во процес.

Г-дин Петрушевски рече дека таа информација неофицијално и членовите на Советот ја слушнале пред седницата а сега официјално раководителот Радуновиќ ја соопштил.

Раководителот Радуновиќ објасни дека радиодифузерот нема платено и од таа причина се предлага одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека за жал оваа ситуација и натаму оди. Уште еден од редицата мали медиуми поради разноразни финансиски причини ќе згасне.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради неплатен годишен надоместок за дозвола за радио емитување во законски утврдениот рок - 30 дена од денот на приемот на ф-ра бр.2020-100-0077 (арх. бр.05-152/1 од 09.01.2020 година).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и во најмалку 2 (два) дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во однос на Предлог-решенијата за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола на радиодифузери, најави дека следните потточки се малку по ведри. Имено се работи за запирање на постапки за одземање на дозволите за ТВ Амазон од Скопје, ТВ Шутел од Скопје и Радио Капитол ФМ од Скопје. Во таа насока предложи да има едно објаснување и една дискусија, а потоа одлуките Советот да ги гласа поединечно.

Г-дин Трајчевски објасни дека тројцата радиодифузери го платија надоместокот, еден денеска, другите изминатите неколку дена. Од таа причина се предлага запирање на покренатите постапки.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа дискусија ќе биде многу едноставна бидејќи содржат еден збор – платија. Ова е позитивна вест.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година.

На 04.03.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 766.795,00 (седумстотини шеесет и шест илјади седумстотини деведесет и пет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година.

На 25.02.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 270.000,00 (двесте и седумдесет илјади) денари, на 03.03.2020 година изврши уплата во износ од 290.000,00 (двесте и деведесет илјади) денари и на 04.03.2020 година изврши уплата во износ од 206.795,00 (двесте и шест илјади седумстотини деведесет и пет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-81 од 05.01.2015 година.

На 04.03.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 194.239,00 (сто деведесет и четири илјади и двесте триесет и девет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето на овие радиодифузери им посака следната година да бидат во подобра финансиска состојба и да не дојдат во ситуација во последен момент да им се запира постапката.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Петрушевски во однос на Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово и Предлог-решението за бришење од регистарот на радиодифузери на ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга предложи да се објаснат заедно затоа што станува збор за истата техничка процедура којашто ја бара Законот.

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар објасни дека за Радио Браво од Куманово и за Радио Дрини од Струга на 11-та седница се одзеде дозволата согласно член 80 став 5 од ЗААВМУ. Во таа насока согласно Законот треба да се донесе и решение за бришење од регистарот.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РАДИО БРАВО ДООЕЛ Куманово.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – стока: Електрична енергија објасни дека станува збор за новина во Законот.

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека првпат оваа постапка беше почната минатата година, но не се спроведе затоа

што немаше согласност од третиот субјект, кој што има деловен простор во Палата Панко Брашнаров каде што е сместено седиштето на Агенцијата. И сега од нивна страна, после 8 месеци сеуште нема добиено одговор дека ќе партиципираат во постапката за јавна набавка. Но, најави дека добиена е информација дека оваа набавка тие воопшто ја немаат предвидено во Годишниот план за јавни набавки и притоа во период на избори не можат ни да го дополнат. Имајќи ја предвид количината на електричната енергија којашто тие ја потрошиле минатата година, ним им се фактурира шест отсто од сето тоа. Тоа е под вредноста од прагот за кој што се применува Законот за јавни набавки, а имајќи ја предвид и ситуацијата дека што поскоро треба да се започне со спроведувањето, на оваа седница ќе се пристапи кон спроведување на оваа постапка за јавна набавка со Агенцијата за млади и спорт. Агенцијата ќе ја спроведе постапката по претходно склучен договор за групна набавка. Инаку, станува збор, според проценетата вредност за поедноставена ограничена постапка каде што се набавува одредена приближна количина на електрична енергија во киловат часови. Тоа е некоја проекција во однос на тоа колку е потрошено минатата година, па за 10 отсто е зголемено. Појасни дека се очекува таа количина да биде доволна бидејќи не може однапред да се предвиди какви ќе бидат климатските услови коишто најмногу влијаат врз трошењето на количината на електричната енергија. Посочи дека е ставена забелешка дека Агенцијата не е обврзана во целост да ја потроши таа количина. Останатите податоци за набавката рече дека ги има во материјалите што се доставени.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа набавка е неопходно да се реализира бидејќи без електрична енергија тешко би функционирале. Би се загрозил изборниот процес доколку не се реализира поради овие шест отсто од ПУИК – јавното претпријатие за стопанисување. Тие се покажаа како несериозни, но не може поради нив да се одложи набавката затоа што ќе се направи поголема штета.

Раководителката Митревска објасни дека телефонски контактирала со тамошниот раководител на одделението за јавни набавки, кој рекол дека Агенцијата ќе добие известување, но до ден денешен сеуште го нема известувањето од нивна страна. Смета дека треба да се пристапи кон спроведување на оваа јавна набавка бидејќи има обврска. Бидејќи Агенцијата ги исполнува оние два услови кои што треба кумулативно да ги исполнува, има повеќе од 50 вработени и има вкупен годишен приход еднаков или поголем од два милиони евра во денарска противвредност. Тоа се условите коишто Агенцијата ги исполнува и е обврзана да ги спроведе.

Г-дин Трајчевски рече дека формално-правно, бидејќи има едно броило и кога ќе се додаде и Агенција за млади и спорт бројката на вработени е далеку над 50.

Раководителката Митревска рече дека и без тоа Агенцијата има над 50 вработени и секако условот е исполнет.

Г-дин Трајчев праша дали може да се спроведе оваа постапка без нивна согласност, затоа што ќе се добие подобра цена. Обврска на Агенцијата е да ја спроведе постапката. Но, дали може да биде спроведена без да се добие согласност од нивна страна? Дали е тоа можно од законски аспект? Ако е возможно, зошто да се чека.

Раководителката Митревска одговори дека прво не може да се чека затоа што воопшто не им е предвидена таа јавна набавка во Годишниот план за јавни набавки.

Г-дин Петрушевски рече дека изборите ќе поминат и ќе нема струја.

Раководителката Митревска рече имајќи ја предвид сумата којашто тие ја потрошиле, вредноста на електричната енергија во денари е околу 26.300 за цела година.

Г-дин Трајчев праша дали ние како Агенција можеме да ја поведеме оваа постапка без нив, согласно Законот?

Г-дин Трајчевски одговори дека целата зграда има едно броило. Броилото се води на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Ако бидеме брутални легалисти, можеме да ги исклучиме и Агенција за млади и спорт и ПУИК. Но на добра волја на Агенцијата и нормално однесување, Агенцијата потпиша договор со другите две институции да ја дели сметката соодветно на квадратурата на објектот што го поседува. Во крајна линија ако ПУИК одбива да ги плаќа сметките, Агенцијата може да му го извади кабелот и нема веќе да има струја. Во таа насока рече дека апсолутно Агенцијата може да ја спроведеме сама набавката и притоа да не им дава струја и на Агенција за млади и спорт и на ПУИК.

Г-дин Трајчев рече Агенцијата бидејќи е сопственик на броилото може да ја спроведе постапка и може да им фактурира по цената што ја плаќа. Тогаш зошто би чекале со постапката?

Г-дин Петрушевски објасни дека нема да чека и сега Советот ќе даде одобрение и ќе продолжи.

Г-дин Фиданоски праша дали тоа значи дека дополнително ќе им се фактурираат тие шест проценти? Агенцијата ќе ги подмири средствата за набавка, а потоа ќе им ги фактурира? Или пак сукцесивно како што доаѓа потрошувачката, така ќе си се дели и сметката?

Г-дин Трајчевски објасни дека Агенцијата набавува струја колку ќе се потроши, толку ќе се плати. Однапред не плаќа ништо. Ниту тие, ниту ние. Појасни дека неговото објаснување го кажал теоретски доколку не сакаат да платат дека ќе им се исклучи струјата, што не верува во тоа. Досега немало таква пракса. Сите фактури уредно си ги плаќале и едната и другата институција. Иако со другата институција нема лоша комуникација, но дуќаните четири години стојат празни.

Г-дин Трајчев рече дека според тоа значи дека нема пречка да се спроведе постапката и после да им се фактурира колку што потрошиле. Праша зошто претходната година сме ги чекале, односно зошто не сме спровеле на ист начин?

Раководителката Митревска одговори дека се надевале дека ќе одговорат и тогаш уште не беше толку задолжително да се пристапи кон спроведување на постапката.

Г-дин Трајчев рече дека не разбрал добро што тоа значи - не било толку задолжително. Или било задолжително или не било.

Раководителката Митревска објасни дека минатата година не беше задолжително и од таа причина Агенцијата се обиде да воспостави контакт, но сега веќе е обврзана и тоа го прави.

Г-дин Петрушевски рече дека станува збор за нов Закон кој беше со одложена примена. Либерализација на пазарот на електрична енергија што го бара ЕУ.

Г-дин Трајчевски објасни дека Агенцијата со овие два субјекта има и потпишано договори. Ако не сакаат да плаќаат и по основа на тие договори може да се изврши наплатата. Секогаш оди вака тешко кога има повеќе институции. И со Агенција за млади и спорт, иако сме тука, некогаш со недели трае одобрувањето бидејќи тие се корисници на централниот буџет и ако таму немаат предвидено на време невозможно е да биде променет планот за јавни набавки и одобрени средства.

Г-дин Фетаи рече дека мисли дека би било по соодветно да се направат напори во насока, колку е можно да нема исто броило односно би било добро Агенцијата да се осамостои. Во иднина таа да има нејзино броило, тие нивно. Ако воопшто е можно и да ги нема овие разговори што ги имаат сега. Не знае дали се направени напори во оваа насока. Знае дека во една куќа имаат по две броила, а не па институции. Во таа насока му била идејата, ако може да се одвои со посебно броило. Агенција си ги знае нејзините просториите, знае што и колку троши и така ќе биде поелегантно решено.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе го дополни г-дин Фетаи. Бидејќи честопати има избори и има проблем со луѓе и со простор, Агенцијата може да понуди да ги откупи тие простории доле, со образложение дека и треба простор за избори. Со мониторингот за избори има обврска прецизно да се мерат и секундите, а тоа изискува голем број на соработници. Така ќе остане само АААВМУ и Агенција за млади и спорт. Смета дека тие за толку мал процент немаат ни интерес, а парите од Агенцијата добро би им дошле. Мисли дека ги има како што видел на последната сметка.

Г-дин Трајчевски рече дека Агенцијата е самостојна. Тие треба да си обезбедат броила. Но, за тоа треба многу пари, мисли дека е околу 10.000 евра за Агенција за млади и спорт и тоа никогаш не го ставаат во буџетот, а е некоректно да ги исклучат од струја. Практично исто и за ПУИК, и уште на почетокот им се понуди тоа, во 2015 година.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: електрична енергија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Електрична енергија е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-460/1 од 03.02.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Г-дин Лазо Петрушевски посочи дека г-дин Лазар Трајчев не најавено побара дискусија под точка Разно, и дека како и досега што давал право на сите членови на Советот, така и на г-дин Лазар Трајчев му дава право на точка Разно.

Г-дин Лазар Трајчев побара информација во однос на постапката со Радио Јон, односно дали постои прекин на постапката или не. Тој го кажал неговото мислење дека ако некој не емитува програма воопшто не покрива ниту 80% како што е постапката. Уште еднаш праша дали постои постапка, дали има прекин или нема

прекин, едноставно не му е јасна состојбата, бидејќи претходната 11-та седница под точка Разно и минатата седница не се доби некакво образложение.

Г-дин Лазо Петрушевски посочи дека е дадено образложение и дека кога ќе има од АЕК информација, во документите до Советот ќе ги има сите аргументи.

Г-дин Трајчевски дополни дека минатата седница имаше точка, со информација во однос на дописот од АЕК, каде што беше јасно наведено дека тој допис што е добиен не се однесува на започнатата постапка за одземање на дозволата, и дека ова се однесува на минатата седница, а не на таа што се прекина. Тој посочи дека што се однесува до тоа дали прекинот значи непокриеност на 80%, ни минатата седница не сакал да одговори и потсети на последниот пример од август, септември, октомври минатата година, кога во повеќе наврати 1 ТВ го исклучуваше сигналот по 25 дена до истекот на 30 дена и тогаш не се покрена постапка за одземање на дозволата за немање покриеност. Не емитувањето програма и не покриеноста се два различни поима и две различни дефиниции, и одземањето на дозволата за овие два различни поима и две различни дефиниции, се во две различни алинеи во Законот. Тоа значи дека не може да биде одземена дозволата за не емитување затоа што нема покриеност од 80 %, бидејќи кога не се емитува програма нема покриеност односно нема што да се мери, без оглед дали станува збор за радио или телевизиски сигнал. Доколку сите членови на Советот имаат друго убедување, можат да дадат предлог и Советот да донесе Одлука и ако смета и да ја одземе дозволата, но во тој случај одговорноста си ја носат секој поединечно. Така да, апсолутно не треба да се мешаат овие два члена за не емитување програма, бидејќи ако не емитувањето програма значи немање покриеност тогаш немало да биде даден временски рок од 30 дена, туку ќе било дадено 15 дена. Ако има не емитување програма и 0% покриеност нема што да ги чекаме нив 30 дена да не емитуваат програма и затоа законодавецот дал различни рокови. Посочи дека претходниот пример се однесуваше на национален медиум, а имаше случај на почеток на 2020 година кога УГД Универзитетското радио од Штип, 42 дена не емитуваше програма од технички причини, но тогаш воопшто Советот не расправаше за него и не се крена таква дискусија зошто не му се одземе дозволата на УГД Универзитетското радио од Штип. Тој најави дека до следната седница на Советот очекува да има одговор од АЕК, и дека сите членови на Совет можат да дадат предлози различни од оние на Стручната служба.

**Бр. 02-1002/9**
**12.03. 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**